АПЕЛАЦИОНЕН СУД СКОПЈЕ
СУ-03-439/23-2
2812.2023 година
С к о п ј е

Врз основа на член 3, член 88 став 3 и член 92 став 2 од Законот за судовите и член 112 став 1 од Судскиот деловник, Претседателот на Апелациониот суд Скопје, судија м-р Мери Дика Георгиевска, на седница на судии на ден 28.12.2023 година, поднесува

# П Р О Г Р А М А

## ЗА РАБОТА НА АПЕЛАЦИОНИОТ СУД СКОПЈЕ, ЗА ПЕРИОД ОД 01.01.2024 ДО 31.12.2024 ГОДИНА

Согласно одредбата од член 92 став 2 на Законот за судовите, на седница на судиите се утврдува Програмата за работа на Судот.

Со Програмата на Апелациониот суд Скопје се конкретизираат работите и задачите од делокругот на Судот, особено видот и бројот на предметите, следењето и проучувањето на проблемите што произлегуваат од судската практика, а кои се од интерес за правилна и единствена примена на законот, укажување правна помош на основните судови од подрачјето на Апелациониот суд Скопје, преку посети, определување судии за соработка со основните судови, заземање ставови по правни прашања на основните судови и друго.

Преку конкретизирање на работите и задачите од делокругот на Апелациониот суд Скопје во вршење на судската функција утврдена со Уставот, законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот, се обезбедува:

1. Навремено и квалитетно решавање на предметите во надлежност на Судот;
2. Непристрасно применување на правото независно од положбата и својството на странките;
3. Заштита, почитување и унапредување на човековите права и основни слободи;
4. Обезбедување еднаквост, рамноправност, недискриминација по кој било основ;
5. Обезбедување правна сигурност врз основ на владеење на правото;
6. Создавање и обезбедување услови на граѓаните за побрз пристап до правдата (судот) и остварување на принципите за судење во разумен рок;
7. Јавност и транспарентност во работењето на Судот, достапност на потребните податоци за остварување на процесните права на странките и навремена информираност на странките и јавноста за одлуките на Судот;
8. Доследно спроведување на одредбите од материјалните и процесните закони и нивните подзаконски акти, Законот за судовите, Законот за судска служба и Судскиот деловник;
9. Примена на ратикуфаните меѓународни акти, како и конечните и извршни одлуки на Европскиот суд за човекови права, Меѓународниот казнен суд или друг суд чија надлежност ја признава Република Македонија, согласно одредбите на член 18 став 4 и 5 од Законот за судовите;
10. Давање правна помош на подрачните основни судови;
11. Изготвување анализи, информации, укажувања, сентенции и друго кои ќе помогнат во правилната примена на правото;
12. Согледување на работата на Апелациониот суд Скопје и работата на подрачните основни судови преку извештаи за работа на судовите, посебно за причините на старите незавршени предмети, низ посетите на основните судови и при решавањето на конкретните предмети во жалбена постапка;
13. Средби и советувања организирани со подрачните основни судови во врска со работата на судиите; средби на ниво на апелациони судови за уедначување на

судската практика; со Врховниот суд на Република Северна Македонија, адвокатурата, државните органи, посебно со Здружението на судии на Република Северна Македонија и Академијата за обука на судии и јавни обвинители на Република Македонија во врска со едукацијата на судиите;

14. Воспоставување на стабилен и ефикасен организациски систем согласно актот за систематизација на Апелациониот суд Скопје.

За реализација на Програмата ќе се грижи претседателот на Судот, судиите и вработените во Судот.

Судската независност и зајакнувањето на професионализмот мора да стане главен приоритет за постигнување на одржливи резултати во борбата против корупцијата. Корупцијата е огромен предизвик за владеење на правото, која пак наштетува на севкупното општествено милје и има големи и опсежни импликации, оттука борбата против корупцијата подразбира и градење негативна средина за сите коруптивни навики преку засилување на клучните системи за интегритет, јавните набавки и управување со јавни финансии, како и градење државни ревизорски институции и антикорупциски тела и партнерства со граѓанското општество, компаниите и слободните и независни медиуми. Транспарентноста на институциите, вклучително и судовите мора да биде приоритет и само преку унапредување на транспарентноста, ќе ја зајакнеме отчетноста и контролата.

Апелациониот суд Скопје и во текот на 2014 година ќе остане фокусиран на унапредувањето на транспарентноста, односно обезбедување целосна транспарентност, како сериозна алатка за борбата против корупцијата и организираниот криминал, со тоа што преку портпаролите на судот, ќе се трасираат клучните информации за работењето, организацијата и функционирањето на судот, а информации кои се суштински и од јавен интерес.

Согласно со чл. 66 ст.1 и 2 од Судскиот деловник во означениот период работата на Апелациониот суд Скопје ќе се извршува преку:

- Кривичниот оддел
- Граѓанскиот оддел
- Оддел за работни спорови и
- Одделот за судска практика

## РАБОТА ПО ПРЕДМЕТИ

## ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУДОТ

Претседателот на Судот во рамките на својот делокруг и функционална надлежност ќе ја врши судската управа на Судот. Во услови на недостиг на судиски кадар во судот, Претседателот на Судот ќе продолжи да постапува и како судија со полн фонд предмети, распореден во Граѓанскиот оддел на Судот, поконкретно во совет кој постапува по предмети од ТСЖ уписникот.

## КРИВИЧЕН ОДДЕЛ

Во Кривичниот оддел се распоредуваат 9 судии.

Во Кривичниот оддел ќе постапуваат:

- 1 „КСЖ“ совет;
- 2 „КЖ“ совети;
- 2 „КЖ“ совети составени од петмина судии
- 1 „КЖМ“ совет за кривични предмети за децата и
- 1 „ПРКЖ“ совети

Судиите во советите од Кривичниот оддел ќе решаваат кривични предмети, кривични предмети од организиран криминал, кривични предмети за децата и прекршочни предмети во втор степен (жалбена постапка) и други кривични предмети што се во надлежност на Апелациониот суд Скопје.

Со Годишниот распоредот за работа се определуваат судиите кои ќе работат во кривичниот оддел на Судот.

Во Кривичниот оддел, советниците, вишите и стручните судски соработници се распоредуваат со распоред за работа. Бројот на истите ќе се определува во зависност од бројот на пополнетите работни места.

Кривичните и прекршочните предмети треба да се вратат во основните судови најдоцна во рок од 30 дена од приемот во судот, додека пак, предметите по кои се изјаснува вишиот јавен обвинител и предметите по кои се одржуваат јавни седници треба да се решаваат во рок од 60 дена, освен за притворските предмети каде, согласно со одредбата од чл. 405 ст.2, односно чл.438 ст.2. на ЗКП, второстепениот суд е должен својата одлука со списите да ја достави до судот од прв степен најдоцна во рок од 45 дена од денот кога ги примил списите од тој суд.

За состојбата во одделот, претседателот на одделот редовно ќе го известува претседателот на судот.

За конкретни предмети во кои постапката трае подолго од предвиденото, судиите кои постапуваат по тие предмети ќе го известуваат претседателот на Судот.

При решавањето на кривичните и прекршочните предмети каде дошло до застареност на кривичното гонење да се забележат причините за тоа преку изготвување службени белешки од страна на судијата.

При решавањето на сите видови кривични и прекршочни предмети, да се забележуваат важни работи во врска со правните прашања и да се изготвуваат анализи, информации и укажувања, кои потоа преку Претседателот на одделот ќе се достават до Претседателот на одделот за судска практика.

## ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ

Во Граѓанскиот оддел се распоредуваат 13 судии.

Во Граѓанскиот оддел ќе постапуваат .

- 3 „ГЖ“совети и
- 2 „ТСЖ“ совети .

Со Годишниот распоред за работа се определуваат судиите кои ќе работат во Граѓанскиот оддел на судот.

Во Граѓанскиот оддел, советниците, вишите, стручните судски соработници и помладите стручни соработници се распоредуваат со распоред за работа. Бројот на истите ќе се определува во зависност од бројот на пополнетите работни места.

Судиите во овој оддел треба да се ангажираат за зголемување на ажурноста во работата по предметите, да ги решаваат согласно и во рамките на рокот определен со одредбата од чл.355-а на Законот за парничната постапка пречистен текст објавен во Службен весник бр.7/2011, по однос на предметите заведени по примена на истиот, со исклучок на предметите започнати пред денот на започнување на примената на овој закон. Во споровите поради смеќавање на владение, постапувањето да се движи во рокот определен со одредбата од чл.411 ст.5 на Законот за парничната постапка. Судиите кои постапуваат по спорови од работни односи предметите да ги решаваат во рокот определен со одредбата од чл.405 ст.5 на Законот за парничната постапка

Приоритет ќе се дава само на оние предмети кои според законот имаат третман на итни.

Во сите граѓански предмети, каде се исполнети законските услови, да се одржува расправа пред второстепениот суд.

При решавање на сите видови граѓански предмети, да се обрне посебно внимание за пропустите на првостепените судови во врска со времетраењето на постапката, што е значајно за укажување при посетите на основните судови или во посебни укажувања, со цел да се зголеми ажурноста на судовите.

При решавањето на граѓанските предмети, да се забележуваат важни работи во врска со правните прашања и да се изготвуваат анализи, информации и укажувања, кои потоа преку Претседателот на одделот ќе се достават до Претседателот на одделот за судска практика.

## ОДДЕЛ ЗА РАБОТНИ СПОРОВИ

Во Одделот за работни спорови се распоредуваат 6 судии кои ќе постапуваат во 2 „РОЖ" совети.

Во Одделот за работни спорови, советниците, вишите и стручните судски соработници се распоредуваат со распоред за работа. Бројот на истите ќе се определува во зависност од бројот на пополнетите работни места.

Судиите во овој оддел треба да се ангажираат за зголемување на ажурноста во работата по предметите, да ги решаваат согласно и во рамките на рокот определен со одредбата од чл.405 ст.5 на Законот за парничната постапка пречистен текст објавен во Службен весник бр.7/2011.

При решавање на овој вид предмети, да се обрне посебно внимание за пропустите на првостепените судови во врска со времетраењето на постапката, што е значајно за укажување при посетите на основните судови, или во посебни укажувања, со цел да се зголеми ажурноста на судовите.

При решавањето на предметите од оваа област, да се забележуваат важни работи во врска со правните прашања и да се изготвуваат анализи, информации и укажувања, кои потоа преку Претседателот на одделот ќе се достават до Претседателот на одделот за судска практика.

## ОДДЕЛ ЗА СУДСКА ПРАКТИКА

Одделот за судска практика ја усогласува работата на сите судски оддели во извршување на задачите кои се однесуваат на евиденција и проучување на судската практика, согласно со одредбата од 72 на Судскиот деловник.

На седница на Одделот за судска практика се донесува план за следење на судската практика.

Во овој оддел во 2024 година ќе бидат ангажирани судиите, советниците, вишите соработници и стручните судски соработници на начин, постапка и предмет на работа како што е определено во распоредот за работа и во делот од програмата "Збирни прегледи и информации".

## ИЗГОТВУВАЊЕ АНАЛИЗИ, ИНФОРМАЦИИ, УКАЖУВАЊА И ЗБИРНИ ПРЕГЛЕДИ

Со цел за подобрување на квалитетот на работата во Апелациониот суд Скопје и во подрачните основни судови во 2024 година ќе се изработуваат анализи, информации, укажувања и збирни прегледи, во зависност од актуелноста на одделни правни прашања, проблеми во работата и поголеми пропусти при решавањето на предметите од страна на судиите во основните судови.

Судиите и стручните соработници во 2024 година по укажана потреба ќе изработуваат материјали за советување од соодветна област, при што соодветен оддел ќе определува теми и изготвувачите на темите, како и времето на одржување на советувањето, а материјалот ќе треба да се верификува на соодветниот оддел.

Претседателите на одделите ќе го известат претседателот на Судот за утврдената тема за советување и денот на одржувањето.

## ЗБИРНИ ПРЕГЛЕДИ И ИНФОРМАЦИИ

За 2024 година ќе се изготват збирни прегледи и информации како што следува:

1. Збирен преглед по судови за укинати и преиначени одлуки од уписниците „КЖ", „КЖМ", „КС" и „КР" ќе изготвуваат судијата Татјана Дуковска и судскиот советник Весна Кизова Фидановска.
2. Збирен преглед по судови за укинати и преиначени одлуки од уписникот „ПРКЖ" ќе изготвуваат судијата Гордана Сајковска и судскиот советник Стефанија Чапкуноска.
3. Збирен преглед по судови за укинати и преиначени одлуки од уписникот „ГЖ" ќе изготвуват судијата Маја Маркова и судскиот советник Дијана Пејковска.
4. Збирен преглед по судови за укинати и преиначени одлуки од уписникот „РОЖ" ќе изготвуваат судијата Санде Зиков и судскиот советник Лилјана В.Павлова.
5. Збирен преглед по судови за укинати и преиначени одлуки од уписникот „ТСЖ" ќе изготвуваат судијата Наташа С.Димитровска и судскиот советник Оливера Василевска.
6. Информација за работа по претставки и поплаки во 2024 година.
7. Информација за движење и решавање на предметите во Апелациониот суд Скопје.

Информациите ќе ги изработат претседателот и судскиот администратор на Судот.

Збирните прегледи и информациите ќе се изработат до 25.01.2025 година.

## СРЕДБИ И СОВЕТУВАЊА

Во текот на 2024 година се предвидуваат следните средби и советувања:

- средби на претседателот на Апелациониот суд Скопје со претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија;
- средби на претседателот на Апелациониот суд Скопје со претседателот и членовите на Судскиот совет на Република Северна Македонија;
- средби на претседателот на Апелациониот суд Скопје со претседателите на основните судови од подрачјето на Апелациониот суд Скопје за прашања од судската управа и другите тековни прашања;
- средби на претседателот на Апелациониот суд Скопје со претседателите на Апелационите судови во Битола, Штип и Гостивар за прашања од тековната работа и правни прашања во врска со решавањето на предметите и
- средба на судиите на Апелационите судови во Скопје, Битола, Штип и Гостивар за разгледување правни прашања за воедначување на судската пракса.

Заради стручно усовршување на судиите, стручниот кадар и административно техничкиот кадар во Апелациониот суд Скопје, ќе се учествува на советувањата што ќе ги организираат судовите, Академијата за обука на судии и јавни обвинители на Република Македонија, државните органи и разни странски асоцијации. Притоа, одлука за учество на советувањата ќе донесува претседателот на Судот и претседателите на соодветните оддели во зависност од важноста на прашањата што ќе бидат тема на советувањата, а сите имаат право на еднакво стручно усовршување.

## ПОСЕТА НА ПОДРАЧНИТЕ СУДОВИ

Посетата на основните судови ќе се врши врз основа на утврдена Методологија на Апелациониот суд Скопје.

Посетите ќе се остваруваат заради следење на работата на основните судови од подрачјето на Апелациониот суд Скопје, заради давање стручна помош и заради согледување на состојбата со старите, актуелните предмети за јавноста и притворските незавршени предмети.

При посетите судиите ќе ја согледаат состојбата на старите, актуелните предмети за јавноста и притворските незавршени предмети и причините за тоа, ќе даваат правна помош за определени правни прашања во врска со решавањето на предметите, ќе изнесат согледувања констатирани низ решавањето на второстепените предмети, за да се надминат слабостите во решавањето на првостепените предмети и ќе укажат на други работи од важност за работата на судот.

Извештаите за преземените дејствија и завршените посети ќе се изготват во рок определен со Методологијата и истите ќе се доставаат до основните судови, Судскиот совет на Република Северна Македонија, Врховниот суд на Република Северна Македонија и Министерството за правда, а ќе им се доставаат и извештаите за досега извршените посети на основните судови.

Претседателот на Апелациониот суд Скопје заедно со претседателите на основните судови од своето подрачје ќе ја разгледа состојбата со судската управа, согласно одредбите од Судскиот деловник.

За реализација на оваа програма одговорни се претседателот и судиите на Апелациониот суд Скопје, како и целиот стручен кадар со администрацијата, согласно одредбите на Законот за судовите, како и Судскиот деловник.

Само како напомена, Програмата за работа на Судот за 2024 година е изготвена согласно состојбата со бројот на носители на судиска функција, заклучно со денот на одржување на седницата на судии 28.12.2023 година и согласно расположивиот кадар се утврдени одделите кои ќе функционираат во судот, бројот на судиски совети во секој од одделите, како и бројот на судии кои ќе се распоредат во одделите. На 15.11.2023 година извршен е избор на осум нови судии кои судиската функција ќе ја извршуваат во Апелациониот суд Скопје, но со денот на одржување на седницата на судии и донесување на Програмата, сеуште нема конечна одлука, така што по стапување на функцијата истите ќе бидат распоредени преку измена и дополнение на Годишниот распоред за работа на судиските совети, изготвен согласно оваа Програма.

Претседател на Судот
м-р Мери Дика Георгиевска